НАШЕ СОНЦЕ

Септември, 2013 МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

Број 16

# НАШЕ СОНЦЕ



Една честитка - многу желби: на последниот час по македонски јазик во 2012 г.

Новогодишна забава

Верски празнувања 2013

Прешерново оро 2013: ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА

Изложба на академскиот сликар Азад Карим

21. Денови на Св. Кирил и Методиј

Фолклорна секција: гостувања

## Содржина

**3** Една честитка - многу желби

**4** Новогодишна забава

**5** Василица 2013

**6** Верски празнувања 2013

**7** Прешерново оро 2013: ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА

**9** Курдскиот сликар Азад Карим изложуваше свои дела во галеријата „Св. Кирил и Методиј“

**11** 21. Денови на Св. Кирил и Методиј

**19** Dr. Ilija Dimitrievski ponovno izvoljen za predsednika Zveze zvez kulturnih društev Slovenije za mandat 2013/2014

**20** Фолклорна секција: гостувања

**23** Направете си го животот поедноставен

## Наше сонце

**Издавач на весникот:**

МКД „Св. Кирил и Методиј“ Крањ

Адреса: Савска цеста 34, Крањ, Словенија

Весникот „НАШЕ СОНЦЕ“ излегува два пати годишно

Весникот е бесплатен.

Тираж 300 примероци

**Автори на весникот:**

Сандра Газинковски

Весна Алексова

Игор Захариев

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

## Вовед

Почитувани читатели!

И во овој број на весникот како и во останатите најголемо внимание посветивме на активностите во друштвото. Најактивни се секако фолклористите, ликовната, спортската, музичката и кулинарската секција. Во овој период организиравме неколку приредби, како што се културната приредба на последниот час по дополнителна настава по македонски јазик во 2012 година, новогодишната забава со детската и возрасната фолклорна група, првиот дел од проектот Прешерново оро, Крањ 2013, насловен како ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА, кога и ја отворивме изложбата на академскиот скулптор Јоже Ержен. За празникот на жената ја отворивме изложбата на академскиот сликар Азад Карим, кога во културната програма настапија Дечве, а потоа следеше програма во која настапија членовите на детската фолклорна група и учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик. Фолклорните групи имаа неколку значајни гостувања во Словенија. Во овој период ги изведовме и 21. Денови на Св. Кирил и Методиј, кои изобилуваа со настани како што се: настапот на оркестарот на МКД Св. Кирил и Методиј и МФГ Калина-Модрин, отварањето на изложбата на академскиот сликар Решат Амети, монодрамата „Таа“, квизот помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик, турнирите во мал фудбал, брзопотезен шах и пинг понг и целовечерниот концерт на македонски фолклорни групи и хорови од Словенија.

Електронската форма на весникот е достапна на нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si

Од уредниците

# Една честитка - многу желби

Традиционално како и секоја година, така и оваа, учениците Македонци, кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик и културно наследство на Р. Македонија во Р. Словенија, во просториите на ОУ „Јакоб Аљаж“ во Крањ, по повод новогодишните и Божиќните празници пред своите родители и членови на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ се претставија со културна програма.

Учениците топло и срдечно ги поздравија присутните гости и родители со желби Новата 2013 година да им донесе среќа, здравје, долг и среќен живот и сите неостварени желби да им се реализираат во иднина. Потоа се претставија со песни и рецитации од македонски автори, а не изостанаа и македонските народни песни.

По завршувањето на програмата на учениците и присутните родители и членови на друштвото им се обрати претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, г. Игор Захариев, кој им се заблагодари на учениците за постигнатите резултати во дополнителната настава по македонски јазик и културно наследство на Р. Македонија. Ни испрати најискрени честитки по повод Новата 2013 година и Божиќните празници, а на учениците им посака добро здравје и многу успеси во учењето, поделувајќи им новогодишни пакетчиња. Воедно им се заблагодари и на родителите што на своите деца им овозможуваат редовно да ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик во Крањ.

*Зекирија Шаиноски*



## Новогодишна забава

Во пресрет на Новогодишните и Божиќните празници, на 24. декември 2012 година, во просториите на Македонскиот културен центар „Св. Кирил и Методиј“ се одржа незаборавна забава. На забавата учество зедоа членовите на детската фолклорна група, кои беа пријатно изненадени од пристигнувањето на Дедо Мраз. Тој подари пакетчиња на сите присутни деца, кои имаа можност сликајќи се со него, да го овековечат тој момент. За анимирање на децата се погрижија кореографите на детската фолклорна група Катарина Герасимова и Драгана Ефремова со помош на останатите членови на возрасната фолклорна група на друштвото, потоа Билјана Томов, Методи Златков, Влатко Донев и други. Материјални



foto Daniel Atanasov



foto Daniel Atanasov

покровители на програмата беа Билјана и Зоран Томов од Австрија и гостилницата „При Матевжу“ од Крањ.

Подоцна во просториите на друштвото следеше забава на членовите на возрасната фолклорна група на Македонското културно друштво „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ.




## Василица 2013

Годинава прославата на Стара нова година - Василица беше реализирана на 19. јануари, традиционално во просториите на Македонскиот културен центар (МаКуЦ) во Крањ. За весело расположение на многубројните гости се погрижија **Дар - Мар бенд** и **Дуле Зрновски** со атрактивната пејачка **Тања Блажева**. За гостувањето на музичарите од Македонија позитивни критики можеа да се прочитаат на повеќе македонски интернетни портали.



## Верски празнувања 2013

Денот на Христовото раѓање, **Божиќ**, годинава беше одбележан со бадна и божиќна богослужба. Богослужбата по повод Бадник се одржа на 6. јануари во црквите во Јесеница, Крањ, Љубљана и Марибор. Следниот ден, на 7. јануари, во црквите во истите градови се одржаа божиќни богослужби. Богослужбите ги водеше отец Митко Газинковски.

**Велигден** годинава го славевме на 5. мај. Парохискиот свештеник за Словенија, отец Митко Газинковски и свештеник од Македонија одржаа свети богослужби на Велики четврток, Велики петок, Велика сабота и Велигден - недела, во градовите Крањ, Љубљана, Марибор и Јесеница.

Традиционалниот велигденски собор се одржа на пикник просторот Јепрца.





## Прешерново оро 2013: ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА

Во ликовната галерија на Македонското културно друштво Св. Кирил и Методиј, во рамките на проектот Прешерново оро 2013, по повод словенечкиот културен празник (Прешернов ден), со самостојна изложба на слики и кипови се претстави академскиот скулптор **Јоже Ержен**. Како долгогодишен и искусен уметник работи на повеќе ликовни подрачја: од скулптура до графика и сликарство. Јоже Ержен е постмодернистичен современ уметник. Во неговите дела класичната и современата уметност од 20. и 21. век се испреплетуваат и дополнуваат со уметничките струеења на денешницата, во ликовната критика запиша доцент маг. Боге Димовски.



Пред свеченото отварање на изложбата од страна на заменик градоначалникот на МО Крањ, г-динот Дарко Јарц, пред публиката, со читање и рецитирање на свои песни се претставија пет поети од Горењска. Агата Тројар, Јанез Порента, Антонија Бакса Срнел, Мира Велкаврх и



Славица Штирн оставија посебен впечаток кај насобраната публика, за што беа наградени со голем аплауз.



Додека љубопитните гости ги разгледуваа изложените слики, во соседната просторија се поставуваа традиционалните македонски јадења направени од членовите на кулинарската секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“.



Приредбата беше збогатена со интерпретирање на македонска музика од страна на Дуо Петрови.

Програмата, премиерно во таков состав, успешно ја водеа Александра Ристова и Ивица Боболински.

Јоже Ержен е роден 1946 година во Љубљана. Во 1970 година дипломирал скулптура и графика на Љубљанската академија за ликовна уметност. Досега има реализирано над 60 самостојни и учествувано на повеќе од 100 групни изложби. Живее и работи во Крањ.



# Курдскиот сликар Азад Карим изложуваше свои дела во галеријата „Св. Кирил и Методиј“

Просториите на Македонскиот културен центар, повеќе од месец дена од изложувањето на 9. март 2013 година, ги красеа уметничките дела на курдскиот сликар **Азад Карим**. Академскиот сликар и магистер по уметност Азад Карим, повеќе од триесет години работи на полето на уметноста и има стекнато големо искуство. При своето уметничко креирање, Азад Карим ги соединува искуствата од источниот и западниот свет. Неговите дела се полни со впечатоци и симболи од двата света. При сликањето истражува различни материјали, структурирани подлоги како што се: глинените плочи, песокот, хартијата, природните материјали и др. во ликовната критика истакна доцент маг. Боге Димовски. Азад Карим е роден 1954 година во Арбил, Курдистан во северниот дел на Ирак. Ликовно се едуцирал во Багдад и на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, каде во 1980 година дипломира сликарство, а во 1983 година магистрира графика. На словенечките културни простори со своите уметнички дела е присутен повеќе од триесет години. Живее и работи во Ајдовшчина.



Изложбата, која е составен дел од проектот Ликовна мултилатерала беше свечено отворена од страна на др. Илија Димитриевски.



Културната програма ја збогатија членовите на женската пеачка група **Дечве**, кои се претставија со неколку словенечки народни песни.



Во продолжение следеше културна програма по повод 8. март, денот на жената.

Програмата успешно ја водеше Сандра Газинковски.

## Еден букет цвеќе за сите мајки од целиот свет

По повод 8. март, денот на мајката во просториите на МКД „Св. Кирил и Методиј“ во Крањ, најмладите членови на фолклорната секција на друштвото и учениците кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик и национално наследство на Република Македонија се претставија со богата културна програма.



Во преполнетите простории, најмладите фолклористи настапија со македонски игри и песни пред присутните родители и гости, со голема желба на сите мајки да им го честитаат празникот 8. март. По оваа богата фолклорна приредба, свое учество зедоа и учениците кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик. Тие настапија со





песни и рецитации на македонски јазик посветени на мајката и на 8. март. Во своите рецитации ги искажаа најубавите желби и честитки кон сите мајки во целиот свет, за среќен живот, за рамноправност во семејството и општеството.

По завршувањето на културната програма господинот Игор Захариев им се заблагодари на фолклористите и учениците кои на сите мајки им приредија богата културна програма по



повод меѓународниот ден на жената. А потоа во свое лично име и во име на членовите и управниот одбор на МКД „Св. Кирил и Методиј “ од Крањ на сите присутни од понежниот пол им испрати најтопли и најискрени честитки за среќен празник и многу успеси во работата и животот.

*Зекирија Шаиноски*

# 21. Денови на Св. Кирил и Методиј

Годинава приредбата со најдолга традиција во оррганизација на МКД „Св. Кирил и Методиј“, 21-ва по ред, се одржа во периодот од 24. мај до 2. јуни. Станува збор за 21. Денови на Св. Кирил и Методиј, познати уште како мајски денови на македонската култура во Крањ.



На годинашната програма се најдоа следните настани: настапот на оркестарот на МКД „Св. Кирил и Методиј“ и МФГ „Калина-Модрин“; отварањето на изложбата на академскиот сликар Решат Амети; кулинарската вечер; квиз натпреварот помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик, на тема познавање на македонскиот јазик, историја и култура; тркалезната маса на тема македонски театар со македонски актер и со учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик; театарската претстава „Таа“, во изведба на театарот Антон Панов од Струмица; турнирите во мал фудбал, брзопотезен шах и годинава за прв пат во пинг понг; филмската вечер со прикажување на македонски филмови; целовечерниот концерт на македонски фолклорни групи и пејачки хорови од Словенија и др.



**Отварање на 21. Денови на Св. Кирил и Методиј**

21. Денови на македонската култура во Крањ беа отворени со настапот на оркестарот составен од членови на музичките групи на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ и МФГ „Калина-Модрин“ од Љубљана. Тие во одличниот настап се претставија со



неколку македонски староградски песни.

На ликовните паноа во Македонскиот културен центар беа поставени неколку уметнички дела од академскиот сликар Решат Амети. Доцент маг. Боге Димовски, како што прочита Сандра Газинковски, за него и неговите дела ќе рече: уметничките размислувања на уметникот се позитивни, во делата употребува живи бои и различни рециклирани материјали. Преку делата до гледачот ја доближува традицијата. Решат Амети е плоден и активен уметник кој има реализирано повеќе од триесет самостојни изложби и учествувано на околу двеста групни изложби и ликовни колонии, во Македонија и странство. Решат Амети



е роден во Гостивар, 1964 година. За својот труд повеќе пати е наградуван.

Изложбата свечено ја отворија секретарот во Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија, господинот Љупчо Јаневски и претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“, господинот Игор Захариев.



Потоа следеше богата кулинарска вечер со традиционални македонски јадења, подготвени од Јоцо Петров, Билјана Томов и другите членовите на кулинарската секција и интерна забава на активистите на друштвото и другите гости.

**17-ти квиз натпревар „Колку ја познаваме Република Македонија?“**

По повод одбележувањето на 21-от по ред патронен празник на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ со богата културна програма во чест на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј свое учество имаа и учениците Македонци кои редовно во текот на целата учебна година ја посетуваа дополнителната настава по македонски јазик и национално наследство на Република Македонија во Република Словенија.

По 17-ти пат најдобрите ученици од Љубљана, Крањ, Нова Горица, Козина Хрпеље и Постојна се натпреваруваа на квиз натпреварот на тема „Колку ја познаваме Република Македонија?“ пред голем број присутни родители, претставници на МКД од Словенија и во присуство на господинот Благоја Настески, претседател на Сојузот на Македонските културни друштва (МКД) во Р. Словенија. За првпат оваа година квизот беше изведен во две фази: во првата фаза се натпреваруваа учениците од 1-во до 6–то одделение, а во втората фаза се натпреваруваа учениците од 7-мо до 9-то одделение и дел од средно образование. Учествуваа вкупно 6 екипи.





Во првата фаза од квиз натпреварот првото место го освоија учениците од Крањ, Љубљанчани беа втори, а третото место им остана на екипата од Нова Горица.

Кај повозрасните ученици првото место го освоија учениците од Љубљана, второто учениците од Козина Хрпеље и третото место им припадна на екипата од Нова Горица.

На свечен начин и со големи пофални зборови учениците за постигнатите знаења во дополнителната настава топло и срдечно беа пофалени и наградени од страна на господинот Благоја Настески, претседател на Сојузот на МКД во Р. Словенија, од г-динот Игор Захариев, претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, од претседателот на МКД „Охридски Бисери“ од Нова Горица, господинот Марко Матовски, од претседателот на МКД „Македонија“ од Љубљана, господинот Мирче Иваноски, а воедно големи пофалби и признанија за постигнатиот успех во наставата примија и од господинот др. Илија Димитриевски, претседател на Сојузите на културните друштва од поранешна Југославија.



Како и секоја година главни покровители на овај квиз беа: Министерството за Образование, наука и спорт на Република Словенија, МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, Сојузот на Македонски културни друштва (МКД) во Република Словенија и амбасадата на Република Македонија во Република Словенија.

*Зекирија Шаиноски*

**Театарска претстава „Таа“**

Во рамките на „21. Денови на Св. Кирил и Методиј“ саботата 25. мај 2013 година во 20 часот се оддржа театарската претстава „Таа“, во изведба на театарот Антон Панов од Струмица.

Монодрамата „Таа“ претставува дебитанско дело како на авторката Даниела Колева така и на режисерот Васил Михаил. Поставена за прв пат на сцената на еден професионален театар како што е Антон Панов од Струмица, била во 2010 година, тогаш финансирана од Министерството за Култура на Република Македонија. Потписник на костимографијата е Ване Василев, кој исто така премиерно се појавил и како автор на сценографските елементи за овој монодрамски експеримент.



На малата сцена во клубот на друштвото беше поставена мала кујна која што личеше на кујната од баба ми, канцелариска просторија од времето на социјализмот, балконот на сосетката, а од време на време се претвараше во така современа сцена од посакувана дневна соба, спална соба со ноќна масичка, плажа и прекрасен одмор што само една жена може да си го замисли. Режисерот на спектаклот Васил Михаил, направил урнебесен превод



на струмички дијалект по оригиналната книга „Визитка“ во кој актерката Оливера Аризанова се претстави во улогата на „современа“ балканска жена. Претставата која ја држеше публиката будна околу час и половина со смеа, невообичаени сцени и актерство беше во неколку чина.

„Таа“ е монодрама за постоењето на современата балканска жена која е девојка, мајка, службеничка, сосетка, директорка, домаќинка, манекенка ... Жена, која ги исполнува своите обврски кон семејството, блиските и општеството, но не и кон самата себе. Прекрасната изведба на актерката Оливера Аризанова ја прикажа средовековната балканска жена во прашања чии што одговори остануваат тајна. Одговори кои што жена која може да се погледне во огледало, ќе се



препознае, но нема да може да си ги признае истите, односно да стапне на театарска сцена на која никој не ја поканил.

„Таа“ направи исповед со што ни претстави слика во која повеќето жени би се препознале. Слика на незначителна мала жена која се качува на сцената, подготвена да се соочи со ужасот од посакуваните соништа.

"Таа" е визитка на неколку генерации, мечтателка која ќе го пропушти сопствениот живот во служба на семејството, на другите. "Таа" е вистината на дното на чашата, копнеж по неизвесното за жената во средината на животот, тргната кон неостварените желби.

Претставата беше со универзални пораки, во кои во центарот на интересирањето е жената како столб на семејството, како повеќевековен еманципациски проблем и како повеќеслојна компонента на животот и општеството воопшто, сето тоа пренесено на сцена преку играта на актерката Оливера Аризанова.

Претставата заврши со симболични зборови, дефинирање и филозофија на животна борбеност:

"Кога многу ми се дише, симе-лете, го отворам прозорецот, а кога ќе вдишам, дишам додека ме заболат белите дробови. Просторот ми е димензиониран од правоаголни ѕидови во кои жулат колената и лактите, бидејќи јас сум окована ... кон наједноставните нешта. Врзана сум за

дното на безводен бунар, а некаде над гледам небо, слобода ... Слобода?!? Ха, ха ... Колку сум слободна јас? Како сопнат коњ! И вие ли така? "

*Елена Минчевска - Бабачев*



**Широк спектар спортски активности**

Во рамките на 21. Денови на Св. Кирил и Методиј не изостанаа ниту спортските активности.

Традиционалниот **турнир во мал фудбал**, кој и годинава се одржа на ракометното игралиште во ОУ Луцијан Сељак во Стражишче, поради лошата временска прогноза беше презакажан за една седмица и се одржа на 2. јуни. Можеби тоа беше причината од многуте пријавени екипи за првиот термин, на турнирот да учествуваат само 6 екипи, и тоа: МКД Македонија од Љубљана, МКД Илинден од Јесенице, СКПД Свети Сава од Крањ, МКД Охридски бисери од Нова Горица, КД Брдо од Крањ и МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ.

Екипите беа распоредени во две групи,

| Група А | | |
|---|---|---|
| СКПД Свети Сава | МКД Македонија | 1:1 |
| СКПД Свети Сава | МКД Охридски бисери | 7:2 |
| МКД Македонија | МКД Охридски бисери | 6:3 |

| Група Б | | |
|---|---|---|
| КД Брдо | МКД Илинден | 1:2 |
| КД Брдо | МКД Св.Кирил и Методиј | 1:4 |
| МКД Илинден | МКД Св.Кирил и Методиј | 1:5 |



од кои двете првопласирани екипи ги одмерија силите во полуфиналето. По

| Полуфинале | | |
|---|---|---|
| СКПД Свети Сава | МКД Илинден | 7:0 |
| МКД Македонија | МКД Св.Кирил и Методиј | 1:1 (4:3) |

| За 3. место | | |
|---|---|---|
| МКД Илинден | МКД Св.Кирил и Методиј | 1:2 |
| **Финале** | | |
| МКД Македонија | СКПД Свети Сава | 2:3 |











полуфиналните победи во финалето се најдоа екипите на СКПД Свети Сава и МКД Македонија, каде победи екипата на СКПД Свети Сава со што го освои турнирот. Во борбата за третото место подобри беа домаќините, екипата на МКД Св. Кирил и Методиј, кои ја победија екипата на МКД Илинден.

Трите првопласирани екипи добија пехари за освоено место и практични награди, кои ги обезбеди Билјана Томов. На најдобриот стрелец на турнирот Сашо Јованов (МКД Македонија, 5 гола) и најдобриот голман Бојан Божек (МКД Македонија) им беа поделени пехари.

За организација на турнирот се погрижија Ивица Боболински и некои од членовите на друштвото.

**Турнирот во брзопотезен шах** се одржа во среда, на 29. мај. На турнирот учествуваа повеќе од 20 шахисти. Првото место му припадна на Петар Ѓуриќ, второпласиран беше Душан Зорко, додека третото место го освои Матеј Кершич. За добра организација на турнирот се погрижија Станко Атанасов и Вид Газвода.

Годинава за прв пат во рамките на деновите на македонската култура во Крањ, во петок, на 31. мај, во Македонскиот културен центар се одржа и **турнир во пинг понг**. Од пријавените 8 играчи, првото место го освои Мики Ѓонески.



**Целовечерен концерт на македонски фолклорни и пеачки групи од Словенија**



Финалната вечер на 21. Денови на македонската култура во Крањ беше фолклорно обоена. Со извонредни настапи во преполната сала се претставија фолклорните групи на МКД Илинден од Јесенице, МКД Охридски Бисери од Нова Горица и МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ, како и пеачките хорови Билјана (делува во составот на МКД Македонија) од Љубљана и МФГ Калина-Модрин од Љубљана. На сите настапувачки групи заменик градоначалничката на Градска општина Крањ, г-ѓа Нада Михајловиќ и претседателот на друштвото организатор, МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ, г-динот Игор Захариев им поделија признанија за успешна соработка.









# Dr. Ilija Dimitrievski ponovno izvoljen za predsednika Zveze zvez kulturnih društev Slovenije za mandat 2013/2014

Na 5. redni volilni skupščini je bil dr. Ilija Dimitrievski ponovno izvoljen za predsednika Zveze zvez kulturnih društev Slovenije za mandat 2013/2014, ki je bila dne 24.4.2014 v prostorih Zveze črnogorskih kulturnih društev na Masarykovi 17 v Ljubljani. V funkcijo podpredsednikov Zveze zvez so izvoljeni: Fahir Gutić iz bošnjaške, Veselin Lakić iz črnogorske in Tahir Maliqaj iz albanske zveze kulturnih društev v Sloveniji. Na skupščini so ocenili delo v preteklem mandatu in izdvojili ključna cilja:




- nadaljevanje z aktivnostmi za ponovno vzpostavitev Sveta vlade za naše pripadnike in

- ponovno aktiviranje aktivnosti za ustavno manjšinsko priznavanje narodov iz nekdanje skupne države SFRJ.



Pred parlamentarnimi počitnicami so opravili predstavitvene pogovore s: predsednikom Socialnih demokratov dr. Igor Lukšičem, poslancema v Evropskem parlamentu dr. Milanom Zverom (SDS) in Tanjo Fajon (SD), predsednikom Državnega zbora RS Jankom Vebrom in dr. Gregorjem Virantom, ministrom za notranje zadeve Republike Slovenije in predsednikom Državljanske liste.

Do konca leta 2013 so predvidena srečanja s predsedniki in vodji poslanskih skupin vseh parlamentarnih strank.

V počastitev 10. Obletnice ustanovitve Koordinacije EXYUMAK iz katere je nastala Zveze zvez kulturnih društev pa bomo organizirali mednarodno Okroglo mizo na temo KDO SO NARODNOSTNE MANJŠINE v Republiki Sloveniji v ŠTIHOVI dvorani Cankarjevega doma v Ljubljani dne, 24.10.2013 ob 18. uri.

*dr. Ilija Dimitrievski*



# Фолклорна секција: гостувања

**21.2.2013 година: ОУ Дравље, Љубљана**

Детската фолклорна група на друштвото се претстави со сплет македонски ора и песни во ОУ Дравље во Љубљана.



**2.3.2013 година: Медводе, Фолклорен фестивал во организација на КСД Санџак**

Возрасната фолклорна група на МКД „Св. Кирил и Методиј“ овогодишната сезона ја отвори со настапот во спортската сала во Медводе, на Фолклорниот фестивал на КСД Санџак од Љубљана. Премиерно се претставија со кореографијата Малешевка.





**20.4.2013 година: Шентвид, Љубљана, Поздрав на Декларацијата**

Дека постои тесна соработка помеѓу македонските културни друштва во Република Словенија, беше доказ заедничкиот настап на фолкорните групи на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, МКД Илинден од Јесенице и МФГ Калина-Модрин од Љубљана на приредбата *Поздрав на Декларацијата*, годинава во организација на бошњачкото културно уметничко друштво Севдах од Љубљана. Заеднички ја одиграа Малешевка, кореографија која беше поставена во просториите на нашето друштво од страна на врвни кореографи од КУД Кочо Рацин од Скопје.



**18.5.2013 година: Војник, Целје, фестивал *Đurđevak***

Детската фолклорна група гостуваше на фестивалот Đurđevak, во организација на српското културно друштво „Десанка Максимовиќ“ од Целје. Прикажаа сплет македонски ора и песни, што беше примен со големо воодушевување од бројната публика.

**18.5.2013 година: Копер, фестивал *Месечина, а ја зовем прело***

Во рамките на третото издание на фестивалот *Месечина, а ја зовем прело*, чиј организатор беше српското Академско културно уметничко друштво Коло од Копер, зеде учество нашата возрасна фолклорна група. Во театарот во Копер се претставија со сплетот Малешевка.



**25.5.2013 година: Преддвор, Меѓународен фолклорен фестивал**

Во почетокот на месец април беше формирана нова фолклорна група, составена од нови членови кои покажаа голем интерес за македонскиот фолклор. Под водство на кореографот Џевад Абаз, во краток временски период го совладаа сплетот Источна Македонија, со кој и се претставија на меѓународниот фестивал во Преддвор.



**1.6.2013 година: МаКуЦ Крањ, Завршна вечер на 21. Денови на Св. Кирил и Методиј**

На финалната вечер на 21. Денови на Св. Кирил и Методиј зедоа учество македонски пејачки, музички и играорни групи од територијата на цела Словенија. Дел од богатата програма беа МКД Илинден од Јесенице, МКД Охридски бисери од Нова Горица, МФГ Калина-Модрин од Љубљана и МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ. Најмалите фолклористи од групата на кореографот Катарина Герасимова се претставија со неколку песни и ора, а малку повозрасните фолклористи од



групата на кореографот Даниел Ефремов се претставија со сплет македонски ора. Возрасната фолклорна група, премиерно пред домашната публика настапи со сплетот Источна Македонија.

**9.6.2013 година: Јесенице, 20 години МКД Илинден**

По повод 20 годишнината од основањето на МКД Илинден, на културната програма која се одржа на локацијата Стара Сава во Јесенице, учествуваше нашата возрасна фолклорна група која се претстави со сплетот Источна Македонија, а беше дел и од заедничкиот настап со МФГ Калина-Модрин и домаќините, претставувајќи се со сплетот Малешевка.

Во најголем број од настапите фолклористите беа придружувани од **музичката секција** на друштвото, која ја сочинуваат: Методи Златков, Елена Минчевска - Бабачев, Филипо Дамјанов, Пеце Коминкоски, Ацо Ѓонески и Милан Соколов.

*Методи Златков*



## Направете си го животот поедноставен

**Ако луѓето се оддалечуваат од природниот, едноставен начин на живот, стрмејќи се кон угодностите, така ја зголемуваат напнатоста и не наоѓат мир. „Пријатниот живот“ поминат во духот на овој свет и неговата среќа, раѓа светска напнатост. Надворешното влијание, кое ја растројува човечката душа, секојдневно води стотици луѓе на психоанализа во душевните болници, па затоа секој ден слушаме дека е отворена понекоја нова, како психиатрите завршуваат разни специјализации ... Но повеќето од самите „душевни лекари, специјалисти“ не веруваат во Бога ниту го прифаќаат постоењето на душата. Како тогаш ќе можат таквите луѓе да му помогнат некому, кога и самите тие се преполни со напнаност?**

... Кога човекот ќе ја свати подлабоко смислата на животот, напнатоста отстапува. Кога ќе видиме човек кој и покрај тоа што има сè, напнат, загрижен и тажен, знаеме дека му недостига Бог. На крајот на краиштата, богатството само по себе ги мачи луѓето, бидејќи материјалните работи не ја исполнуваат душата – тоа е двојна мака. Сласта која со себе ја носи едноставноста, луѓето се уште не ја вкусиле.

Едноставноста одмара! – рекол старец Паисиј. Наместо да ги поедноставувате работите, за да не губите време, вие вложувате во „многувременото“ сакате сè да биде совршено и се измачувате со тоа. Би требало да барате совршенство во духовните работи. Не ги трошете своите сили на надворешната работа. Разубавете ја вашата душа!

Убавите и привлечни работи не ги успокојуваат луѓето, затоа што сето тоа еден ден ќе се претвори во прав. Душата вреди повеќе од целиот свет. Христос ќе не праша како духовно сме му помогнале на светот и какво духовно дело сме направиле, а не какви ѕидови сме изградиле. Нив нема ни да ги спомне. Не велам дека не треба да се гради, но треба да се прави како што треба, зошто прво треба да биде духовното дело, а по него се останато.

Луѓето кои се светски настроени, велат: „Блазе на оние што живеат во палати и имаат удобност“. Но вистински се блажени оние што успеале да го поедностават животот, да се ослободат од стапицата на светскиот напредок и така да се спасат од ужасната напнатост на нашето време. Ако човекот не го направил животот едноставен многу ќе се мачи! – така не учи старецот Паисиј Светогорец.

Сега на сите вас Браќа и Сестри мирјани, верници во Христа ви нагласувам:

Едноставноста е многу важна. Многу од тоа што го правиме ние луѓето не е неопходно затоа и нè јаде напнатоста. И повеќето разводи потекнуваат од премногуте обврски, од кои може да те заболи глава. Двајцата работат, и таткото и мајката. Децата остануваат сами дома. Заморот, нервозата, мали проблеми, големи расправии ... РАЗВОД!

На денешниот човек потполно му е туѓа радоста на монашкиот живот. Не размислува дека од нешто треба да се одрече, дека треба да се помачи. Мисли само за тоа како другиот е успешен и направил две куќи, третиот има поголема плата, а тој ништо. Ќе купи подобар автомобил, но повторно ќе биде незадоволен, затоа што некој друг ќе има уште подобар. И на таквата мака и нема крај!

Неблагодарноста и алчноста се големи зла! Човекот е обземен со материјалните работи и секогаш е преукопиран со грижи и напнатост ...

Подлабоко размислувајте за смислата на животот - „Најнапред барајте го небесното Царство“.

Оттаму потекнува едноставноста и правилното поставување на сè!!!

*Ваш во Христа брат и слуга отец Митко Газинковски*
*(парохиски свештеник за Словенија)*



**МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА**

**MKD ”Sv. Ciril in Metod“ Kranj, Slovenija**

**Адреса:** Савска цеста бр.34, 4000, Крањ, Словенија (**Naslov:** Savska cesta 34, 4000 Kranj, Slovenija)

**Телефони:** +386 (0)40 166 882, +386 (0)40 572 785

**Интернет страни:** www.mkd-kim.si, www.mkc-kranj.si

**E-mail:** mkd.kranj@gmail.com

http://www.facebook.com/mkd.kim

Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciral Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

## Спонзори и донатори

**Донатори:**

Tabakum Export-Import d.o.o., Novo mesto

Biljana in Zoran Tomov - Avstrija

Makedonija trade d.o.o., Ljubljana

Vinojug d.o.o., Šenčur

Zebra d.o.o., Kranj

Avtošola – Ekspert d.o.o., Kranj

Alkaloid d.o.o., Ljubljana

Maktrans d.o.o., Ljubljana

Novateks d.o.o., Ljubljana

Kara d.o.o., Tržič

Miladin Mladenov s.p., Preddvor

Okrepčevalnica PRI MATEVŽU, Kranj

Goldy s.p., Kranj

SA-MI s.p., Kranj

Foto Daniel Atanasov

**Покровителски организации:**

Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

Mestna občina Kranj

Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije

Savatech d.o.o., Kranj

Амбасада на Република Македонија во Република Словенија